ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

БИЛТЕН

БРОЈ 11/26

15.06.2026 година

РЕФЕРАТ

За избор на наставник во сите наставно-научни звања по група стручно – уметнички предмети од областа Друго - Дизан на ентериер (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација) на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет, Скопје

Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет – Скопје повика седница бр.274 на 19.05.2026 година, во врска со конкурсот објавен во дневниот весник ,,Вечер" од 21.05.2026 година, со Одлука бр. 02-413/3 од седница бр. 275 на 01.06.2026 формира Рецензентска комисија за избор на **наставник во сите наставно-научно звања по група стручно – Друго - Дизајн на ентериер (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација) – 1 извршител -** во состав: вонреден професор м-р Елена Филиповска, претседател, доцент м-р Стојан Павлески, член, доцент м-р Никола Узуновски, член.

На распишаниот конкурс за избор на **наставник во сите наставно-научно звања по група стручно – уметнички предмети од областа Друго - Дизајн на ентериер (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација)** се пријави кандидатот **м-р Владимир Јовевски.** Кандидатот, согласно распишаниот конкурс, достави: Пријава по конкурс, Биографија со соодветни податоци, Уверение за завршен 1 циклус студии, Уверение за завршени студии од 2 циклус, Диплома за стекнат степен/назив магистер, Портфолио со проекти, стручни дела.

По разгледување на поднесените документи на кандидатката, Рецензентската комисија до Наставно – научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при ЕУ - Скопје, го поднесува следниот:

ИЗВЕШТАЈ

1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Роден на 13 март 1986 година во Скопје, Република Северна Македонија.

Образование

Основното образование го завршува во ОУ „Братство" во Скопје, а средното образование го завршува во ДСУ „Георги Димитров" во Скопје во 2005 година.

Во 2007 година се запишува на Европскиот универзитет – Скопје, Факултетот за арт и дизајн, насочувајќи го својот професионален развој кон ентериерниот дизајн. Неговиот академски пат се одвиваше паралелно со интензивно уметничко истражување и теренска практика; имено, во периодот од 2010 до 2013 година оствари значајни меѓународни ангажмани во повеќе европски метрополи, работејќи на просторни структури и сценографија. Ова искуство придонесе за продлабочување на неговиот креативен и практичен пристап кон дизајнот, по што успешно дипломира на првиот циклус студии во 2015 година. Своето високо образование го заокружи со завршување на втор циклус студии и стекнување на академска титула **магистер по дизајн во областа дизајн на ентериер** во 2025 година со просечен успех **9,61** на тема **„Практики на одржлив дизајн на ентериер со примена на еколошки материјали и принципи"**

Компјутерски вештини

Проектирање и 3D визуелизација: AutoCAD, 3ds Max, SketchUp, Corona Renderer, V-Ray, Adobe Photoshop.
Канцелариско работење: Microsoft Office.
Јазични вештини: Англиски јазик – напредно ниво.

Јазици

Македонски, англиски

2 НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

АКАДЕМСКО И ПЕДАГОШКО ИСКУСТВО

Во периодот 2021–2022 година е ангажиран како надворешен соработник - демонстратор на Европскиот универзитет – Скопје, по предметите дизајн на мебел, проектирање на ентериер, и дизајн на ентериер.

Во рамките на овој ангажман, активно е вклучен во изведувањето на наставата по предмети од областа на ентериерниот дизајн и осветлувањето. Неговите одговорности опфаќаа наставна поддршка и менторство на студентите во развојот на нивните идејни концепти, изработка на прецизни технички решенија, како и практична примена на современи CAD и 3D софтверски алатки во проектите.

3 СТРУЧНО-ПРИМЕНЕТА ДЕЈНОСТ

ПРОФЕСИОНАЛНО ИСКУСТВО ВО ОБЛАСТА НА ДИЗАЈНОТ

Својата професионална пракса во областа на дизајнот ја започнал во секторот за изработка на мебел по мерка во компанијата „Декор“ АС (2016–2018 година), каде работел на изработка на техничка документација, производство и контрола на изведба. Во периодот април 2017 – јули до 2017 година е ангажиран во „Лачка“ мебел, со фокус на проектирање плочест мебел и спални соби, како и техничка адаптација на дизајнерски решенија според просторни и производствени барања.

Од 2019 година е активен дел од архитектонското студио „Лелелеле“ во Скопје, каде работи на комплетен развој на ентериерни проекти од почетен концепт до финална реализација, вклучувајќи анализа, истражувачка работа, техничка обработка, напредни 3D визуелизации, селекција на материјали и координација со клиенти и изведувачи на терен.

Како надградба на интернационално професионално ниво, од 2024 година соработува со студиото за дизајн и визуелизација „Refined Design“ Studio (Naperville, Illinois, USA), со примарен фокус на напредна техничка обработка, детализација и визуелизација на комплексни проекти.

4 СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ

Во периодот 2005–2007 година, пред започнување на високообразовните студии, активно се занимава со сценска уметност и перформанси на различни јавни и улични сцени, и со ова поставува важна основа за неговиот подоцнежен интерес кон визуелната композиција, сценографијата и просторна естетика.

МЕЃУНАРОДНА УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ И СЦЕНОГРАФИИ

Во периодот 2005–2007 година, пред започнување на високообразовните студии, активно се занимава со сценска уметност и перформанси на различни јавни и улични сцени, и со ова поставува важна основа за неговиот подоцнежен интерес кон визуелната композиција, сценографијата и просторна естетика.

ИЗЛОЖБИ

Учествувал на годишните изложби на Факултетот за арт и дизајн во текот на своите студии

МЕЃУНАРОДНА ДЕЈНОСТ ВО ДИЗАЈНОТ

Во периодот 2010–2013 година, како дел од неговата професионална и уметничка еволуција, интензивно е вклучен во сферата на сценската уметност на меѓународно ниво, каде работи на сценографија, костимографија и просторна поставеност на перформанси. Во 2011–2012 година е дел од проектите на „Le Plus Petit Cirque du Monde“ во Париз, Франција, каде примарно работи на сценографија на циркуски настапи со фокус на просторна структура. Паралелно, како дел од жонглерското акробатско здружение „Fuzzbubble Crew“ од Скопје, учествував во креирањето сценографски решенија и визуелни просторни концепти за настапи низ повеќе европски метрополи, со силен акцент на визуелната структура на сцената.

5 РЕЦЕНЗИЈА

По согледување на доставената документација на кандидатот, Рецензионата комисија заклучува дека:

Врз основа на приложената биографија од страна на кандидатот, се забележува дека има повеќегодишно образование од областа на дизајнот на ентериер, има искуство во наставно-образовната дејност на високото образование како надворешен соработник -демонстратор по предметите, дизајн на мебел, проектирање на ентериер, и дизајн на ентериер.

Од неговото портфолио се истакнуваат креативноста, одличните компјутерски вештини, владеењето со просторот, формите и боите, работата со различни видови на материјали и техники, како во областа на дизајнот на ентериер, така и во областа на визуелните уметности и дизајнот на мебел.

Комисијата смета дека кандидатот е способен успешно да ги пренесе своите вештини и знаења во изведувањето и спроведувањето на наставната дејност.

Во врска со стручно-применетата пракса, кандидатот има повеќе од десет години искуство и во областа на дизајнот на мебел и во областа на дизајн на ентериер

Кандидатот исто така има и повеќегодишно искуство од практична работа на терен со изведба на ентериери и повеќегодишно искуство во практична изведба на мебел.

Рецензентската комисија посебно го истакнува и интернационалното искуство на кандидатот, сметајќи дека тоа ќе има значаен придонес во наставата со студенти.

Во поглед на образовниот профил на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека просечниот успех од **9,61** на втор циклус студии одразува исклучителна академска посветеност и интелектуален капацитет. Кандидатот се профилирал во областа дизајн на ентериер, како еден од најдобрите студенти и поставува основа е од посебна вредност за наставата по разновидните стручно-уметнички предмети предвидени во студиските програми на Факултетот за арт и дизајн.

6 КОНСТАТАЦИЈА

Според записот од рецензијата **се констатира** дека на објавениот конкурс конкурирал кандидатот со биографија во која се потврдува следново:

- кандидатот дипломирал на Факултетот за арт и дизајн на модулот Дизајн на ентериер и мебел на Европски универзитет во Скопје (180 ЕКТС), и се стекнал со звање:
  - Дипломиран дизајнер
- кандидатот магистрирал на Факултетот за арт и дизајн на смерот, Дизајн на ентериер на Европски универзитет во Скопје (120 ЕКТС), и се стекнал со звање:
  - Магистер по дизајн од областа на ентериер дизајн;
- кандидатот има остварено просечен успех од 9,61 на вториот циклус студии;
- кандидатот има академско искуство од една година како надворешен соработник - демонстратор по предметите:
  - Дизајн на мебел
  - Проектирање на ентериер
  - Дизајн на ентериер

- кандидатот има професионално искуство од областа на визуелната уметност - со активности во земјата и странство;=
- кандидатот има професионално искуство од областа на дизајн на ентериер со активности во земјата и странство;
- Кандидатот има изведено проекти кои се од особено значење во и надвор од земјата
- Кандидатот има познавање на компјутерски вештини потребни за областа на дизајнот;

- кандидаткот **м-р Владимир Јовевски** ги исполнува условите за избор во **наставно-научно звање доцент по група** стручно–уметнички предмети од областа **Друго - Дизајн на ентериер (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација).** Стручно-уметничките предмети се определени со студиската програма на Факултетот за арт и дизајн.

7 ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научно звања по група стручно–уметнички предмети од областа **Дизајн на ентериер** на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет, Скопје, 1 извршител објавен на 21.05.2026 во весникот „Вечер“, се пријави една кандидатот **м-р Владимир Јовевски.**

Од горенаведените податоци и по разгледување на поднесените документи од страна на кандидатот, согледувајќи го нејзиното стекнато високо образование, наставно-образовната, стручно-уметничка и стручно-апликативна дејност, кандидатот **м-р Владимир Јовевски** ги

исполнува критериумите за избор во наставно-научно звање Доцент по група стручно–уметнички предмети од областа **Дизајн на ентериер**, согласно член 114 став 4 точка 7, член 167, член 172 од Закон за ВИСОКОТО образование (Службен весник на РСМ" бр.82/2018; 1542019; 76/2020; 178/2021; 58/2024; 124/2025).

Рецензентската комисија ги зема предвид сите аспекти на стручно-уметничкиот и академскиот профил на кандидатот, вклучувајќи го неговото образование, педагошкото искуство, активното учество во областа, меѓународното присуство, и целокупниот придонес кон развојот на дизајнот во Република Северна Македонија. Сите наведени елементи, согледани заедно, формираат заокружен профил на кандидатот со значителен потенцијал и докажан квалитет, способна да ги извршува задачите и обврските поврзани со наставно-научното звање доцент на академска институција.

Врз основа на сите изнесени факти и аргументи, Рецензентската комисија заклучува дека изборот на **м-р Владимир Јовевски** во наставно-научно звање доцент по група стручно-уметнички предмети од областа **Друго - Дизајн на ентериер** би претставувал вреден придонес кон наставниот кадар на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет. Неговите компетенции, комбинирани со докажаниот ентузијазам за педагошка работа, меѓународната афирмација и практично искуство, го позиционираат кандидатот **м-р Владимир Јовевски** како квалификуван и соодветен избор за предложеното наставно-научно звање.

Согласно на горенаведеното, Рецензентската комисија има задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет, Скопје да го избере кандидатот **м-р Владимир Јовевски** во наставно-научно звање Доцент по група стручно–уметнички предмети од областа **Друго - Дизајн на ентериер (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација)**, на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет Скопје согласно член 114 став 4 точка 7, член 167, член 172 од Закон за ВИСОКОТО образование (, Службен весник на РСМ); бр.82/2018; 1542019; 76/2020; 178/2021; 58/2024; 124/2025.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Вонреден професор м-р Елена Филиповска, претседател

Доцент м-р Стојан Павлески, член

Доцент м-р Никола Узуновски, член